# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**3617.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18), министерот за образование и наука, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА МАЈСТОРСКИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/08), во член 3 во ставот 1 зборовите „и тоа во месец мај и во месец ноември" се бришат.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Од страна на Комората на занаетчии на Република Македонија најмалку еднаш во текот на годината се објавува повик/оглас за полагање мајсторски испит во кој се наведуваат регионалните занаетчиски комори кои го реализираат мајсторскиот испит.

Од страна на кандидатите се поднесува пријава за полагање на мајсторски испит во регионалните занаетчиски комори врз основа на огласот објавен на огласна табла и веб страна на регионалните занаетчиски комори, како и документацијата наведена во повикот/огласот за полагање мајсторски испит."

Член 3

Членот 5 се менува и гласи:

„ Мајсторскиот испит се состои од четири дела:

- практичен дел,
- стручно-теоретски дел,
- управувачки - правно/економски дел и
- педагошко-андрагошки дел.

Практичниот, стручно-теоретскиот, управувачкиот-правно/економскиот и педагошко-андрагошкиот дел од испитот се полагаат согласно испитните програми за мајсторски испит.

Деловите од мајсторскиот испит се полагаат практично и/или писмено.

Практичниот дел, во зависност од обемот на практичната задача трае до осум часа, а доколку кандидатот при полагање на испитот врши испитување, реализира услуга или создава производ може да трае и до 40 часа.

Стручно-теоретскиот дел, управувачки-правно/економскиот дел и педагошко-андрагошкиот дел траат по 120 минути."

Член 4

Членот 6 се менува и гласи:

„Деловите од мајсторскиот испит од член 5 од овој правилник може да се полагаат по различен редослед, во различни испитни рокови и немаат елиминаторен карактер.

Во еден испитен рок, кандидатот може само еднаш да ги полага деловите од мајсторскиот испит. "

Член 5

Во член 10 ставот 2 се менува и гласи:

„Испитниот одбор го сочинуваат три члена од кои еден е претседател. Испитниот одбор има секретар. Претседател на испитниот одбор, по правило, е претседателот на регионалната занаетчиска комора, еден член е од Министерството за образование и наука и еден член е од редот на истакнати занаетчии."

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Испитниот одбор донесува деловник за својата работа."

Член 6

Членот 11 се менува и гласи:

„Испитниот одбор ги определува термините за полагање на мајсторскиот испит и ги објавува на огласната табла и веб страната на регионалните занаетчиски комори, ги прима пријавите на кандидатите за полагање на мајсторски испит, формира испитни комисии според соодветни струки и изготвува листа на кандидати според соодветни струки.

Испитниот одбор, најдоцна пет дена по истекот на предвидениот рок за пријавување, го информира кандидатот за исполнетоста на условите за полагање на мајсторскиот испит, за почетокот и за крајот од мајсторскиот испит.

Во случај испитниот одбор да утврди дека кандидатот има некомплетна документација, го информира кандидатот за недостатоците во документацијата. Комплетирање на документацијата се врши најдоцна осум дена од денот на приемот на известувањето.

Во случај кандидатот да не ги исполнува општите и посебните услови за полагање на мајсторски испит, испитниот одбор писмено го известува кандидатот лично или по пошта."

Член 7

Членот 12 се менува и гласи:

„Мајсторскиот испит е јавен и се полага пред испитна комисија.

Испитната комисија се формира од страна на испитниот одбор. Испитните комисии имаат мандат од една година со право на повторен избор.

Испитните комисии имаат претседател и негов заменик кој се избира од редот на члeновите.

Се формираат четири испитни комисии за сите четири дела од мајсторскиот испит.

Во случај на отсуство на претседателот на испитната комисија, неговите задачи ги врши заменикот.

Испитната комисија води записник за секој дел од мајсторскиот испит кој го реализира.

Записникот од став 6 на овој член се води на образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник. "

Член 8

Членот 13 се менува и гласи:

„Испитната комисија за практичниот дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се: двајца истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и соодветен советник на струка/сектор од Центарот за стручно образование и обука или лице со

завршено високо образование од соодветната струка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

Испитната комисија за стручно-теоретски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се: двајца членови од истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и еден член соодветен советник на струка/сектор од Центарот за стручно образование и обука или лице со завршено високо образование од соодветната струка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

Испитната комисија за управувачки - правно/економски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се: еден член од Центарот за стручно образование и обука - советник за соодветна струка/сектор или лице со завршено високо образование од соодветната струка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство, еден дипломиран правник или дипломиран економист и еден истакнат занаетчија мајстор со положен мајсторски испит.

Испитната комисија за педагошко - андрагошкиот дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се: еден член од Центарот за стручно образование и обука - советник за соодветна струка/сектор, или лице со завршено високо образование од педагошко андрагошката област со најмалку пет години искуство, еден дипломиран педагог или дипломиран андрагог и еден истакнат занаетчија мајстор со положен мајсторски испит.

Испитните комисии донесуваат деловник за својата работа."

Член 9

Во членот 15 ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 10

„Најдоцна 15 дена по завршување на пријавувањето, испитниот одбор го објавува распоредот на кандидатите кои полагаат мајсторски испит на огласната табла и на интернет страната на регионалната занаетчиска комора."

Член 11

Членот 21 се менува и гласи:

„Кандидатот за мајстор писмено ги полага деловите од мајсторскиот испит од стручно-теоретскиот, управувачки-правно/економскиот и педагошко-андрагошки дел.

Од страна на испитните комисии за реализација на стручно-теоретскиот, управувачкиот-правно/економскиот и педагошко-андрагошкиот дел од испитот, се предлагаат тестови врз основа на испитните програми за мајсторски испит.

Доколку кандидатот во предвиденото времетраење на испитот не ја довршил писмената работа (тестот), го предава она што го изработил."

Член 12

Во член 28 по ставот 1 се додаваат седум нови ставови 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8, кои гласат:

„Минимумот за положеност ги опфаќа најнеопходните знаења и способности кои кандидатот треба да ги покаже на испитот (во натамошниот текст: праг на положеност).

Начинот на вреднување и прагот на положеност за сите делови се согласно испитните програми за мајсторски испит.

Секој член од испитните комисии за реализација на практичниот дел врши индивидуално вреднување. На крајот сите членови од испитната комисија одлучуваат за положеност или неположеност на кандидатот.

Кандидатот кој не ја изработил успешно практичната задача не оди на нејзина одбрана и повторно се упатува на полагање на практичниот дел.

Кандидатот го положил испитот ако е позитивно оценет за сите делови од мајсторскиот испит.

Успехот од посебните делови од мајсторскиот испит се оценуваат со „положил" или „неположил", според бодовен систем согласно испитните програми за мајсторски испит."

Член 13

Членот 29 се менува и гласи:

„Од страна на Испитниот одбор за секој положен дел од мајсторскиот испит, најдоцна осум дена од денот на полагањето се објавува листа на положени кандидати на огласна табла и на веб страната на регионалната комора.

Кандидатите се известуваат за резултатите од мајсторскиот испит по пошта или по електронски пат.

Кадидатот, најдоцна осум дена по објавувањето на резултатите од став 1 на овој член, може да поднесе писмено барање за пристап до сопствената испитна документација.

Од страна на претседателот на испитниот одбор на кандидатот му се овозможува пристап до сопствената испитна документација.

Кандидатот може да приговора против одлуките на испитната комисија најдоцна три дена од денот на приемот на писменото известување за резултатите од оценувањето, до Комисијата за приговори, формирана од страна на управниот одбор на Комората на занаетчии на Репулика Македонија.

Комисијата за приговори донесува деловник за својата работа. "

Член 14

Во член 30 ставот 4 се брише.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-12584/1
25 октомври 2018 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

Прилог бр.1

(Лого на занаетчиска комора)

Регионална занаетчиска комора/Занаетчиска комора ______________

## ЗАПИСНИК

**на испитен одбор за полагање мајсторскиот испит**

**КАНДИДАТ** ____________________________________________

(име, име на родител и презиме на кандидатот)

Полага мајсторски испит пред испитните комисии во состав:

| | |
|---|---|
| Практична задача од соодветно занаетчиско занимање/практичен дел | 1.______________________<br>2.______________________<br>3.______________________ |
| Проверка на знаења од стручно –теоретскиот дел | 1.______________________<br>2.______________________<br>3.______________________ |
| Проверка на знаења од областа на управувачки-правно/економскиот дел | 1.______________________<br>2.______________________<br>3.______________________ |
| Проверка на знаења од областа на педагошко-андрагошкиот дел | 1.______________________<br>2.______________________<br>3.______________________ |

| | | |
|---|---|---|
| Практична задача од соодветна занаетчиско занимање/ практичен дел<br><br>Датум на полагање<br>______________ | Назив на задачата:<br>______________<br>______________ | |
| | Бодови<br>__________ | Потпис на членовите на комисијата:<br>1.______________<br>2.______________<br>3.______________ |
| Проверка на знаења од стручно –теоретскиот дел<br><br>Датум на полагање<br>______________ | Бодови<br>__________ | Потпис на членовите на комисијата:<br>1.______________<br>2.______________<br>3.______________ |
| Проверка на знаења од областа на управувачки-правно/економскиот дел<br><br>Датум на полагање<br>______________ | Бодови<br>__________ | Потпис на членовите на комисијата:<br>1.______________<br>2.______________<br>3.______________ |
| Проверка на знаења од областа на педагошко –андрагочкиот дел<br><br>Датум на полагање<br>______________ | Бодови<br>__________ | Потпис на членовите на комисијата:<br>1.______________<br>2.______________<br>3.______________ |
| Место за забелешки и издвоени мислења<br>______________<br>______________<br>______________<br>______________ | | |

Испитен одбор,

**М.П**

______________

______________

______________